Врз основа на член 21 од Правилникот за утврдување на цени за топлинска енергија и системски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.225/23 и 153/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со отпад на Република Северна Македонија го објавува следното

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

Се известуваат сите заинтересирани правни и физички лица дека Друштвото за снабдување со топлинска енергија ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје, на ден 28.05.2026 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија поднесе Барање за одобрување на регулиран максимален приход и цена за 2026 година за регулираната дејност снабдување со топлинска енергија, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под број УП1 08-236/26.

Со поднесеното Барање, Друштвото за снабдување со топлинска енергија ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје, бара регулираниот максимален приход за вршење на дејноста снабдување со топлинска енергија за 2026 година да изнесува:

| Опис | ед.мерка | 2026 |
|---|---|---|
| **Регулиран максимален приход на годишно ниво** | **денари** | **4.078.247.089** |
| **Испорачана количина на топлинска енергија** | **kWh** | **518.560.695** |
| **Просечна цена** | **ден/kWh** | **7,8646** |
| **Процент на зголемување во споредба со постојната просечна цена** | **%** | **53,99** |

Заинтересираните правни и физички лица, мислењата и предлозите во врска со објавеното Барање може да ги достават најдоцна до 12.06.2026 година, до 12.00 часот во Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, преку:

- Е-пошта: erc@erc.org.mk
- Факс: 02/ 32 33 586
- Адреса: Ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат, 1000 Скопје

**Скопје, 08.06.2026 година**
**УП1 бр. 08-236/26**

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА,**
**ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ НА КОМУНАЛЕН**
**ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**